**20161243165**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 40 став (8) од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14, 154/15, 192/15 и 23/16), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА МАНДАТНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог.

Член 2

Мандатниот платен налог за лиценциран застапник е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на мандатниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-3608/3
28 јуни 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски,** с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број: ________/______

Датум __________ год. во ___ часот

Организациона единица: _____

Врз основа на член 40 став (1) од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки се издава

## МАНДАТЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за лиценциран застапник)

Битни елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, место и време на сторување на прекршокот

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Име и презиме ______________________________________________________________
Единствен матичен број на физичкото лице ______________________________________
Адреса _____________________________________________________________________
Број и датум на издавање на патна исправа, држава доколку сторителот е странско лице, ____________________________________________________________________________

да плати глоба во износ од _____ евра, во денарска противвредност на образец ПП 50 на сметка: 100000000063095 за сторен прекршок врз основа на член _____ од Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки, по Записник број _____ од _________ год. на организационата единица _____ , во рок од осум дена.
Оргиналниот налог за јавни приходи со кој е извршено плаќањето на глобата сторителот е должен да го достави во организационата единица _____ , а најдоцна до _________ год.

ПРАВНА ПОУКА:
**Доколку глобата не се плати во определениот рок, овој платен налог има сила на извршна исправа и ќе биде доставен за присилно извршување.**

| Потпис на сторител | М.П. | Потпис и факсимил на царински службеник |
|---|---|---|

.....................................................................................................................................................